Пчеларското здружение **,,Пчелар,**, од **Кратово** е формирано 2005 г. Заружението во овј период имаше поголем број на активности и оствари повеќе проекти со цел да се унапреди пчеларството во регионот и пошироко. Се организираа повеќе предавања на кои учествуваа проф.др. Мишо Христов и Александар Узунов .

На 8 Април 2007 се реализира локална иницијатива за вмрежување помеѓу пчеларски здруженија од регионот кој го покрива ЦП НВО Кратово со пчеларски здруженија од Дебар. Еднодневната посета освен за размена на искуства, сознанија и нови трендови во пчеларството, беше искористена и за потпишување на Меморандум за соработка помеѓу овие здруженија (ЗПГ „Пчелар“ и ЗП „Матица“ - Кратово, ЗОП „Пчела“ и ЗП „Рој“ - Пробиштип, ЗП „Пчела“ - Крива Паланка и ПЗ „Екоапикултура“ - Дебар). Средбата финализирана со посета на еден од пчеларниците на ПЗ „Екоапикултура“, каде што учесниците можеа да се стекнат со практични искуства и сознанија.